# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Сто и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 февруари 2002 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, почитувани гости,

Ја отворам Сто и втората седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија господинот Борис Трајковски, претседателот на Владата на Република Македонија господинот Љубчо Георгиевски, членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Ма-кедонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, Поглаварот на Македонската православна црква, претседателот на Исламската верска заедница во Република Македонија, Бискупот на Скопско-Призренската бискупија, претседателот на Еврејската заедница во Република Македонија, проповедникот во Евангелиско-Методистичката црква господин Михаил Цеков, гувернерот на Народната банка на Република Македонија, шефовите на странските дипломатско-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми од мое и од ваше име да ги поздравам присутните гости.

Почитувани пратеници, екселенции, дами и господа, ми причинува задоволство што можам денес овде во Собранието на Република Македонија да го претставам и најавам претседателот на Република Бугарија, господинот Ѓорѓи Прванов.

Ваша екселенцијо, особено цениме што вашата прва официјална посета на една странска држава, по стапувањето на должност претседател на Република Бугарија ја остварувате во Република Македонија, со што упатувате јасна порака за народите на двете земји и пошироко. Вие на најдобар начин и во момент кога тоа вистински е потребно, со вашето присуство во македонскиот Парламент, го изразувате континуитетот на добрососедските односи и соработката меѓу нашите соседни и пријателски народи и држави.

Со задоволство можам да констатирам дека трендот на развојот на добрососедските односи меѓу нас продолжува. И покрај сите трагични настани што се случија во регионот и во Македонија во изминатиот период, нашата разновидна соработка има животна и секојдневна потврда, а евидентен е и взаемниот интерес на нејзиното унапредување. Како земји, добри соседи, нашата заложба е да ги искористиме предностите за натамошно развивање на меѓусебната соработка.

Потпишаните 40 меѓудржавни спогодби и договори за разни области овозможуваат да се остваруваат заложбите за кои се стремиме. Но, сеуште постојат и не се доволно искористени бројните потенцијали за меѓусебно поврзување и соработка. Затоа заеднички треба да ги насочиме напорите кон нивно целосно ефектуирање.

Уверен сум дека во интерес на двата народи и двете земји ќе најдеме начин за развој и натамошно унапредување на економските, политичките, културните и другите релации кои постојано се развиваат и добиваат на својата тежина. Во тоа можеме да бидеме партнери и без никаква скромност цениме дека здружени можеме да очекуваме поголеми резултати и ефекти во развојот на двете држави, во областите од взаемен интерес. Реализираното и структурно поврзување и она што треба допрва да биде остварено меѓу нашите земји и во регионот во разни домови, на најдобар начин ја покажува нашата определеност кон европските интеграции. Стремежот за обединувањето со Европа ги надминува локалните бариери и интереси, а нашите цели и погледи се свртени токму кон европските и евроатланските структури кон кои историски долгорочно припаѓаме.

Зголемувајќи ја економската и друга поврзаност го јакнеме интересот и способноста да го сочуваме мирот и достоинството на Балканот. Треба да го претвориме нашиот дел од континентот да биде потенцијален партнер и привлечен за економска, културна и друга соработка, да градиме заедничка иднина што ја очекуваат нашите граѓани, што е од интерес на земјата во регионот и Европа и да се занимаваме со

развојот на сите можни перспективи што пред нас ги отвора XXI-от век.

Глобален предизвик за демократиите и за владеењето на правото денес е корупцијата, организираниот криминал и тероризмот. Со заедничка политичка волја и со заедничко дејствување против овие современи зла на човештвото ќе можеме да им оставиме подобра иднина на нашите млади поколенија.

Се надевам господине претседателе дека го делам мислењето на моите колеги, парламентарци од македонскиот но и од бугарскиот Парламент, кога ќе укажам дека со взаемна соработка и дејствување можно е поголемо справување со предизвиците на нашето време и обезбедување напредок и благосостојба, што е во интерес на народите од двете држави. Во таа надеж ве поканувам господине претседателе да се обратите пред пратениците во Собранието на Република Македонија. (Аплауз.)

**ЃЕОРЃИ ПРВАНОВ:**

Благодарам почитуван претседателе на Собранието, почитуван господине претседателе, почитуван господине премиер, почитувани госпоѓи и господа пратеници, дами и господа.

За прв пат бугарскиот претседател ја добива можноста да се обрати кон пратениците и кон народот на Република Македонија. За мене е чест и предност да зборувам од оваа висока говорница, од говорницата на независна и слободна Македонија.

Брзам да ги пренесам поздравите на бугарските државници и политичари, како и желбите на целиот бугарски народ за мир, стабилност и просперитет на нашите македонски пријатели. Мојата прва главна порака е дека Република Бугарија ќе продолжи активно да соработува со Република Македонија, да ги поттикнува, во рамките на своите можности вашите напори за зацврстување на државноста и територијалната целина, вашиот стремеж за толерантен соживот, вашата желба за интегрирање во Европската Унија и во НАТО. Олеснет сум да ја формулирам оваа прва порака од постоечката единствена визија и консензусот во политичкиот простор, за политиката кон соседна Македонија, од моментот на објавувањето на нејзината независност до сега.

Пред 10 години, во јануари 1992 година, Бугарија прва официјално ја признa Република Македонија како самостојна и независна држава. И тогаш и сега, со не помала основа можеме да кажеме дека признавањето од бугарска страна на Република Македонија, со нејзиното уставно име, беше оправдано, историски и морално, како од аспект на интересите на двете земји, исто така и од аспект на регионалната сигурност.

Утврдувањето на државноста и територијалната целина на новата република, стабилизацијата на политичката и економска ситуација во земјата, нејзиното меѓународно признавање, беше важна гаранција за обновувањето на историските противречности во Македонија. Мојата земја ја поддржа декларацијата со одредени активности. Барам категорично да подвлечам бескорисниот карактер на нашата поддршка во сите тешки моменти за Македонија и пред се од времето на косовската крита до сега.

Бугарија ги поддржува напорите на македонските политичари за решавање на кризата. Ние имавме обврска да не дозволиме на наша територија каква било активност со дестабилизација во однос на Македонија, обврска која стрикно и неопходно ја извршувавме. Ние се ангажиравме за активно ангажирање на Меѓународната заедница, во лицето на НАТО, Европската Унија, Обединетите Нации, ОБСЕ за прекинување на воениот конфликт, за квалифицирано влијание во преговарачкиот процес, за укажување на ефективна, финансиска и политичка помош на земјата.

Ги презедовме овие активности, почитувани дами и господа затоа што сметаме дека без стабилна Македонија не може да постои стабилност на Балканот, затоа што стабилноста во Југоисточна Европа е во функција на внатрешната стабилност на сите држави, на секоја една од земјите, бидејќи од стабилноста во Југоисточна Европа, во голем степен зависи и сигурноста и просперитетот на останатиот дел од континентот. Поради тоа Бугарија и Мегународната заедница се заинтересирани за брзото решавање на кризата, за стабилизација на состојбите во Република Македонија, со зачувување на нејзиниот суверенитет, територијална целина и меѓународно признати граници. Го подвлекувам тоа поради се друго и заради обидите во последно време да се ставаат под соменвање некои од овие граници.

Верувам дека Собранието ги прифати и заедно со сите институции ќе бидат навремено приложени пакетот од

закони во врска со Рамковната спогодба, затоа што само по патот на разумните компромиси може да се постави почетокот на помирувањето и забрзувањето на социјално-економскиот развој на земјата.

Денес, почитувани дами и господа можеме да кажеме дека победи тенденцијата за европеизација на нашите односи. Таа победи во условите на тежок отпор на приврзаниците на политиката на затвореност, на меѓусебни претензии и тешки обвинувања, често пати на жешко спротивставување. Оваа друга тенденција која јас ја нарекувам тенденција за балканизација, треба категорично да остане во минатото.

Една од сериозните лекции во последните години е дека треба да ја оставиме историјата на историчарите. Крајно време е почитувани дами и господа, драги пријатели, да престанеме да гледаме во огледалото за повратно гледање. Нашиот поглед треба да биде напред кон иднината на нашите деца и внуци. Всушност на сите закани за конфронтацијата е дека и во минатото постоеја многу повеќе работи кои што не зближуваа отколку што не делат, само да можеме разумно и одговорно да ги прочитаме и да ги обмислиме, да се спротивставиме на обидите да не вратат назад, да се развијат старите огништа на напор, заедно да ја напишеме новата историја, новата страна од историјата на двете земји, на партнерство за сигурност и стабилност, на европска интеграција и просперитет.

Со заеднички напори постигнавме многу во минатата деценија и изградената договорно-правна база за соработка е солидна гаранција за стабилноста на нашите контакти. Не постои пат назад во развојот на нашите добрососедски односи и не може да постои ревизија на веќе постигнатите договарања во довербата на нашите држави и народи. Во името на нашиот заеднички пат кон европските и евроатланските структури, ние сакаме да одржуваме активен политички дијалог на сите нивоа, да развиваме сестрана економска соработка. Мислам дека постојат значајни можности за зголемување на стоковната размена меѓу двете земји. Бугарската и македонската Влада, државниците се должници на граѓаните и на фирмите во своите држави и мислам дека елиминирањето на бирократските препреки, отворањето на границите за бизнис, драстичното ограничување на корупцијата и криминалот, развојот на ифраструктурата, на енергетските врски, ќе ја стимулира стоковата размена меѓу нас и ќе даде можност за повеќе странски вложувања.

Добрите комуникации помеѓу земјите во регионот значат добри трговски и економски врски. Модерната инфраструктура значи не само добри меѓусебни односи. Тоа е реална содржина на сеуште апстракниот поим на "Обединета Европа". Поради тоа, Република Бугарија дава предност во односите со Македонија на заендичките инфраструктурни проекти во рамките на Коридорот број 8.

Како што кажав, во првите разговори овде во Скопје една од најнеодложните задачи беше изградбата на железничката линија Скопје-Софија и поврзувањето на енергетските системи со 400 киловолтен далновод. Треба да го надминеме застојот и да има еден подинамичен развој во информативните и научните врски, да ја зголемиме соработката во областа на образованието.

Сестраниот развој на македонско-бугарските односи е неделив дел од зголемениот балкански дијалог. Бугарија развива една нова балканска политика која ги негира оддалечувачките линии, оските и триаголниците и активностите што се упатени кон други и трети земји, политика што потврдува добрососедство, добри односи и соработка.

Почитуван господине претседателе, Распаѓањето на бившата СФРЈ и создавањето на нови држави во минатите простори е една од значајните специфичности на процесите од последните 10 години, не само за нашиот регион. Југоисточна Европа беше погодена од најголемата несреќа, војната која што остави зад себе илјадници жртври и ранети, уништени градови и села. За жал Балканот ја имаше претставата како барут на сахрана.

Негативните последици од конфликтите и војните нудат преосмислување на политиката во Југоисточна Европа, како од страна на самите балкански држави, така и од Меѓународната заедница. Дилемата пред која е исправен регионот е следната: соработка и интеграција врз основа на принципите воспоставени од Европската Унија и адаптирани кон регионалните специфичности, или продолжителна фрагментација и откинување од европските процеси. Тоа е изборот пред кој сме исправени. Долгорочниот развој на регионот бара многу поефективна од досегашната надворешна помош на база на комплексна меѓународна стратегија.

Од псоебно значење е обновувањето и развојот на Југоисточна Европа и нејзиното обединување во европските простори. За тоа е неопходно ангажирање на европските, евроатланските и на глобалните политички економски организации. Секоја една од нив содржи специфични средства за соработка и стимулирање на државите од регионот. Надворешното економско влијание треба да се извршува по еден графикон, да ги претставува одредените цели на секоја поединечно.

Објективните услови бараат да се почне со: значајна хуманитарна помош и создавање на услови за враќањето на бегалците и раселените лица, овозможувајќи им вработување во родните места; истражување и надминување на негативните влијанија врз екологијата во регионот.

Наредните чекори би требало да бидат поврзани со стимулирањето на економскиот развој, упатено кон еден подобар достап на стоки од државите во регионот, за единствен внатрешен пазар, зголемување на врската на регионот со Европската Унија во областа на монетарната политика, царинарниците, и стимулирање на малиот и крупен бизнис на државите од регионот во правец на Европската Унија, Пактот за стабилност на Југоисточна Европа и тн.

**ЃЕОРЃИ ПРВАНОВ:** (Продолжение)

Во областа на регионалната безбедност е неопходно безусловно признавање на ненарушување на границите на Балканот, разработка на универзален механизам за примена на мирните спогодби во Регионот, за предвремено предупредување и прекинување на конфликтите, усоглсување на билатералната основа под меѓународна контрола, на дополнителни мерки за зацврстување на довербата и безбедноста и контролата на вооружувањето, заеднички дејствија во борбата против криминалот, дрогата, организираниот криминал намери кои што нашите две земји потпишаа вчера посебна спогодба потпишана од министрите за надворешни работи.

За дијалогот е неопходна позитивна политичка атмосфера, мир и стабилност. Заради тоа Бугарија посебно ги цени ангажирањата кои што КФОР и силите на Македонија прифатија за да ја создадат неопходната ситуација за мирно решавање на проблемот. Нешто повеќе, Европската унија, НАТО, САД и Русија покренаа значајни иницијативи за регионална соработка.

Бугарија високо ги цени различните иницијативи за развојот на регионалната соработка. Пактот за стабилност треба да се утврдува како израз на една нова политика во Регионот за откажување од насилството и стимулирање на соработката со цел надминување на дефицитот на демократија и постигнување на стабилност. Пактот за стабилност треба да се изврши со реална содржина, со нова динамика при реализацијата на одредените проекти. Сега постојат многу декларации, многу општи зборови. Крајно време е, Европа да разбере дека треба да инвестира во мирот, наместо да гасиме разгорени пожари.

Европската перспектива е потребна на земјите од Југоисточна Европа. Европската унија за нас е пример за сеопфатна политичка соработка и интеграција, која што води до траен мир, сигурност и стабилност. Затоа Унијата треба да даде јасен знак кога и како смета да ги присоедини кон Регионот единствениот балкански простор. Сакам посебно да подвлечам нешто многу важно. Реализацијата на нашите европски и евроатлански предности зависи пред се од нас самите, од земјите во регионот. Државите од Југоисточна Европа треба да покажат дека можат да се справат мирно и трајно со своите проблеми и да спроведуваат надворешна политика која што е проекција на европската политика. Со други зборови, државите од Југоисточна Европа треба да се спремни да докажат дека можат да градат, а не да се борат, дека можат заеднички да работат и дека се способни да живеат како единствена заедница со иста судбина и општа иднина.

Почитувани дами и господа, Во глобален план во минатите 10 години коренито се изменија воспоставените форми на односи по Втората светска војна и исклучиво брзиот развој на информативните технологии ги скрати растојанијата помеѓу земјите. Значајно е поголема меѓусебната обврзаност помеѓу народите. Сведоци сме на глобализација на економијата, трговијата и инвестициите.

Глобалното противдејство помеѓу САД и Русија се трансформира постепено во соработка. По 11 септември 2001 година двете големи држави се од една страна на глобалниот фронт против тероризмот. Проблемите помеѓу двете

сили се решаваат во дух на доверба и дијалог. Факт е исто така консензусниот дух во Советот за безбедност на ООН каде што Бугарија е нестален член од почетокот на оваа година. Тоа се исто така нови реалности кои што треба да се ценат во нашата политика.

НАТО ја прифати историската одлука за првите три централни европски држави се веќе полноправни членови на Алијансата и преку планот за дејство на членство, Унијата го стимулира подготвувањето и на останатите кандидати за членство. Бугарија се претвори во надежен и сериозен партнер на НАТО и се постави за стратешка цел добивање на покана за полноправно членство уште оваа година на седницата на НАТО во Прага. Сакам овде категорично да истакнам дека процесот на интеграција не треба да води кон соперништво, а кон партнерство и кон меѓусебна помош на земјите кандидати. Затоа јасно го истакнува ангажирањето на Бугарија да укажува сестрана поддршка на Македонија на база на своето искуство. Сакам да ве убедам од оваа висока говорница дека ние го разгледуваме идното членство на Бугарија и Македонија како важна инвестиција за мирот и сигурноста на Југоисточна Европа. Во изминатите 10 години беше забрзан процесот на изградба на единствена демократска слободна Европа. Поканата од 1999 година и преговорите на Бугарија за членство во Европската унија се јасен доказ дека интеграционите процеси ќе го опфатат и Југоисточниот дел на континентот. Дека земјите од нашиот регион порано или подоцна ќе излезат од "сивата зона" на европската сигурност и ќе се присоединат кон просперитетна Западна и Централна Европа. Го користам случајот за да ја истакнам целосната поддршка на напорите на македонската влада за извршување на потпишаната Спогодба за стабилизација и асоцијација во Европската унија. Република Бугарија ја има готовноста да го сподели своето искуство од сите аспекти на односите со Европската унија.

Во дневниот ред на меѓународната сигурност настанаа важни промени. По 11 септември 2001 година, борбата против тероризмот беше на чело на светскиот дневен ред. Крвавите атентати во Америка ја обединија заедницата за да го искорениме тероризмот. И создавањето на глобалната коалиција во која учествуваа десетици држави од целиот свет е нова реалност која што треба да ја имаат предвид оние кои што ќе сметаат на тероризмот за постигнување на религиозни, етнички или други цели. Употребата на сила, на оружје, не можат да бидат пат кон решавање.

Почитуван господине претседател, почитувани дами и господа, Да, светот се промени незабележливо во последните години и новиот милениум формулира пред нас нови предизвици. Но, во сите промени останува на сила и дури добива се поголема актуелност реченото од пред повеќе од еден век од големиот Гоце Делчев "Јас го гледам светот единствено како поле за културен натпревар помеѓу народите". Во духот на ова разбирање е мојата посета во Скопје треба да се толкува, добро речено како "добра пролетна иницијатива", "пролетна мирна иницијатива". Како знак за политичката пролет во односите после редоследот, ладни сезони. И на крај, посетата треба да се прифати како категоричен доказ за безусловната и бескорисна подршка на Бугарија за стабилна, независна и просперитетна Македонија за единствената европска иднина. (Аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од името на пратениците на Собранието на Република Македонија и од свое име, Ви благодарам господине претседател Прванов на вашето излагање и на инспиративните пораки што ги упативте.

Ценам дека со ова се дава значаен поттик на развојот на добрососедската соработка и унапредување на билатералните односи меѓу двете земји и нивните народи. Да продолжиме и натаму и во тој дух да го трасираме патот на идната успешна соработка.

Ја заклучувам 102-та седница на Собранието на Република Македонија.

За пратениците објавувам дека по пауза од 30 минути ќе продолжиме со утврдување на дневниот ред на 100-та седница.

(Седницата заврши со работа во 12,40 часот)